РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА,
ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E
DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 10-7603/1
18-11-2026 20 год. / viti

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

Интерна процедура за обезбедување на финансиска поддршка на приоритетни проекти/програми на Национални инвалидски организации согласно Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија

Скопје, НОЕМВРИ 2026 година

Интерна процедура за обезбедување на финансиска поддршка на приоритетни проекти/програми на Национални инвалидски организации согласно Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија

1. ПРЕДМЕТ

1.1. Со оваа процедура се утврдуваат критериумите и методологија за рангирање и избор на проекти/програми на Националните инвалидски организации за кои ќе биде обезбедена финансиска поддршка согласно Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија

2. ЦЕЛ

2.1. Средствата за оваа намена ќе се обезбедат согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри и Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2027 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

2.2. Разгледување и оценка на проекти/програми за националните инвалидски организации за кои ќе биде обезбедена финансиска поддршка ќе врши Комисија за оценување и избор на поднесените проекти/програми од страна на националните инвалидски организации, формирана со решение на министерот социјална политика, демографија и млади.

3. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

3.1. Оваа процедура се применува при избор на проекти/програми на националните инвалидски организации за кои ќе биде обезбедена финансиска поддршка согласно Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија;

3.2. За доследна примена на оваа процедура одговорни се членовите на Комисијата за оценување и избор на поднесените проекти/програми од страна националните инвалидски организации, формирана со решение на министерот за социјална политика, демографија и млади.

4. ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ

4.1. Законот за игрите на среќа и забавните игри
4.2 Закон за социјална заштита
4.3. Закон за инвалидски организации
4.4. Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија
4.5. Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2027 година. (ќе се донесе по постапката на избор)
4.6. Одлука за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2027 година. (ќе се донесе по постапката на избор)

5. ПРОЦЕДУРА

5.1. Согласно приоритетите на Министерството за социјална политика, демографија и млади, вид на активности кои ќе се финансираат во 2027 година во рамки на цел 1 од Јавниот конкурс за финансирање на програмските активности на Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија, се активности насочени кон давање на услуги, помош и поддршка на лицата со попреченост во насока на нивна социјална инклузија и унапредување на квалитетот на живот.

5.2. **Комисијата, ќе врши разгледување и оценка на поднесените барања** и избор на програмски активности на Националните инвалидски организации кои што ќе се финансираат согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри за 2027 година ќе врши согласно:

- структура на програмата: област во која што истата ќе се реализира, времетраење на програмата и проектот, број на крајни корисници кои што ќе бидат вклучени во програмата или проектот, можност за нејзино понатамошно развивање и одржливост;
- целите кои што ќе се постигнат како што се опфатот на реализирани активности кои што се од јавен интерес и степенот на унапредување на состојбите во областа во која што програмата или проектот се спроведува ;
- организациски капацитети и човечки ресурси за спроведување на програмите и транспарентно управување со јавните финансии;
- законитост и ефикасност на претходно искористени средства на претходно реализираните програми и проекти од ист вид.

5.3. Трошоци од програмите подобни за финансирање се:

- бруто плати: износите на бруто плати за вработените лица ангажирани во реализација на програмски активности кои треба да соодветствуваат на воспоставените практики на корисникот;
- трошоци за канцелариски материјал/опрема;
- режиски трошоци;
- трошоци за реализација на проекти/програмски активности во насока на унапредување на состојбата на лицата со попреченост

5.4. Министерството за социјална политика, демографија и млади има право да преговара со подносителот по однос на дефинирање на активностите и буџетот на предложените програми на основа на препораки добиени од Комисијата за оценување и избор на поднесените програми од страна на Националните инвалидски организации.

6. СТАПУВАЊЕ НА СИЛА

6.1. Процедурата стапува на сила со денот на заверка во писарницата на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

7. ДОСТАВУВАЊЕ

7.1. Оваа процедура ќе биде објавена на веб страната на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Изработил: М. Панчевска
С. Додевска Андоноска
Контролирал:м-р С. Лазова-Здравковска
Одобрил: м-р С. Лазова- Здравковска
Согласен: Кристина Антовска

Министер
Горан Велковски